# ЗБОРНИК

**на трудови од:**
**Меѓународна научна конференција за меѓународните и интеркултурните релации**

# „ВРСКИТЕ МЕЃУ Р.МАКЕДОНИЈА И Р.СРБИЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ И ДЕНЕС“





БИТОЛА
2018

КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - БИТОЛА

# „Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес“

(Зборник на трудови од
Меѓународна научна конференција,
одржана на 19 и 20 мај 2017г. во Битола)

БИТОЛА
2018

CONSULATE OF REPUBLIC OF SERBIA
IN REPUBLIC OF MACEDONIA - BITOLA

# „Relations between Republic of Macedonia and Republic of Serbia through the centuries and today“

(proceedings from the International Conference on International and Intercultural Relations held on 19th and 20th May 2017 in Bitola)

BITOLA
2018

**Главен организатор на**
**меѓународната научна конференција:**
Почесен Конзулат на Република Србија во Република Македонија
Почесен конзул м-р Силјан Мицевки

**Традиционално конференцијата**
**се организира во соработка со:**
Министерството за култура на Република Македонија,
Македонската академија на науките и уметностите МАНУ,
Амбадасадата на Република Србија во Република Македонија,
Општина Битола,
Универзитетот “Свети Климент Охридски”-Битола,
Македонското научно друштво Битола,
претставници на високото образование од Македонија и Србија,
ГП “Пелистер”-Битола

**Цел на меѓународната научна конференција:**

Меѓународната научна конференција за меѓународните и интеркултурните релации претставува формален форум за дискусии посветени на релациите помеѓу различните нации и култури во минатото, сегашноста и во иднина.

Посебен акцент конференцијата става на промоцијата, унапредувањето и развивањето на вековните културни врски помеѓу Република Македонија и Република Србија.

## Main organizer of International Scientific Conference:

Honorary Consulate of Republic of Serbia in Republic of Macedonia
Honorary Consul of Republic of Serbia in Republic of Macedonia
Msc. Siljan Micevski

## Traditionally, the conference is held in cooperation with:

Ministry of culture of Republic of Macedonia,
The Macedonian Academy of Sciences and Arts – MANU,
The Embassy of the Republic of Serbia in the Republic of Macedonia,
Municipality of Bitola, R. Macedonia,
"St. Kliment Ohridski" University – Bitola, R. Macedonia,
Macedonian scientific society Bitola,
Representatives of educational institutions from Macedonia and Serbia,
GP "Pelister" Bitola

## Conference objectives:

International Conference on International and Intercultural Relations represents a formal forum for discussion of the latest research in past, present and future relations between different nations and cultures

Special interest of the conference is the promotion, enhancement and expansion of centuries-old cultural ties between Republic of Macedonia and Republic of Serbia.

## Комитет на меѓународната научна конференција:

**Претседател на конференцијата: М-р Силјан Мицевски,**
Почесен конзул на Република Србија во Република Македонија

## Организационен комитет:

Д-р Александар Стерјовски, Р. Македонија (Претседател)
Д-р Вера Стојчевска Антиќ, Р. Македонија (Потпретседател)
М-р Зоран Пејковски, Р. Македонија
Д-р Зоран Котевски, Р.Македонија
Д-р Анета Шијакова, Р. Македонија
Весна Манојловска, Р. Македонија
Славе Николовски Катин, Р. Македонија

## Програмски комитет:

**Проф. Д-р Вера Стојчевска Антиќ,**
Универзитет "Свети Кирил и Методиј"-Скопје, Р. Македонија
**М-р Силјан Мицевски,**
магистрираше на Универзитет "Свети Кирил и Методиј"-Скопје, Р. Македонија
**Проф. Д-р Драгомир Бонџиќ,**
Институт за современа историја, Белград, Р.Србија
**Проф. Д-р Рахел Шели Леви Друмер,**
Бар Илан Универзитет, Рамат Ган, Израел
**М-р Зоран Пејковски,**
Универзитет за аудиовизуелни уметности, Европска филмска академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, Р.Македонија
**Доц. Д-р Лилјана Живковиќ,**
Универзитет на Белград, Р.Србија
**Проф. Д-р Александар Стерјовски,**
Универзитет "Свети Климент Охридски"-Битола, Р. Македонија
**Проф. Д-р Сердар Озтурк,**
Универзитет "Хаџи Бајрам Вели" Анкара, Р. Турција
**Д-р Анета Шијакова,**
докторираше на Универзитет "Свети Климент Охридски"-Битола, Р. Македонија

## Conference Committee

**Conference Chairman: MSc. Siljan Micevski,**
Honorary Consul of Republic of Serbia
in Republic of Macedonia

## Organizing Committee:

**Dr. Aleksandar Sterjovski,** R. Macedonia (President)
**Dr. Vera Stojcevska Antik,** R. Macedonia (Vice President)
**Dr. Aneta Shijakova,** R. Macedonia
**MSc. Zoran Pejkovski,** R. Macedonia
**Dr. Zoran Kotevski,** R. Macedonia
**Vesna Manojlovska,** R. Macedonia
**Slave Nikolovski Katin,** R. Macedonia

## Program Committee:

**Prof. Dr. Vera Stojcevska Antik,**
Ss. Cyril and Methodius University - Skopje, Macedonia
**MSc. Siljan Micevski,**
graduate on Ss. Cyril and Methodius University - Skopje, Macedonia
**Prof. Dr. Dragomir Bondžić,**
Institute of Contemporary History, Belgrade, R. Serbia
**Prof. Dr. Rachel Levy-Drummer,**
Bar-Ilan University, Ramat-Gan, Israel
**MSc. Zoran Pejkovski,**
University of Audiovisual Arts, European Film Academy,
ESRA Paris - Skopje - New York, Macedonia
**Asst. Prof. Dr. Liljana Zivkovic,**
University of Belgrade, Serbia
**Prof. Dr. Aleksandar Sterjovski,**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, Macedonia
**Prof. Dr. Serdar Öztürk,**
Hacı Bayram Veli University, Ankara, Turkey
**Dr. Aneta Shijakova,**
graduate on St. Kliment Ohridski University – Bitola, Macedonia

**КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - БИТОЛА**

---

**Библиотека:** Зборници на трудови од одржани
меѓународни научни конференции

**Издавач:**
Конзулат на Р.Србија во Р. Македонија – Битола

**За издавачот:**
м-р Силјан Мицевски, почесен конзул на Р. Србија
во Р. Македонија – Битола

**https://isciir.org/**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85(497.7:497.11)(082)
94(497.7:497.11)(082)

ВРСКИТЕ меѓу Р.Македонија и Р.Србија низ вековите и денес : (зборник на трудови од Меѓународна научна конференција, одржана на 19 и 20 мај 2017г. во Битола) / [организационен комитет Александар Стерјовски ... и др.]. - Битола : Конзулат на Република Србија во Република Македонија, 2018. - 740 стр. : илустр. ; 25 см. - (Библиотека Зборници на трудови од одржани меѓународни научни конференции)

На напор. насл. стр.: Relations between Republic of Macedonia and Republic of Serbia through the centuries and today : (proceedings from the International conference on international and intercultural relations held on 19th and 20th May 2017 in Bitola). - Трудови на мак. и срп. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-65122-7-9
1. Стерјовски, Александар [одговорен уредник]
а) Културно-историски врски - Македонија - Србија - Зборници
COBISS.MK-ID 107691530

***Доц.д-р Оливер Цацков***
***Универзитет „Гоце Делчев“-Штип***

# ИСТОРИСКО КУЛТУРНИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА ИЗРАЗЕНИ ПРЕКУ ТВОРЕШТВОТО НА ТОДОР МАНЕВИЌ

Блискоста меѓу македонскиот и српскиот народ има многу постари корени отколку што е познато во историјата и тоа во сите сфери на животот и тоа економскиот културно-просветниот, книжевниот и духовниот.

Што се однесува на историско-културните односи тие имаат долга и светска традиција. Овие врски, главно, се темелат на планот на книжевната, публицистичката, лингвистичката, преведувачката, патеписната, црковната и ликовната. Книжевно – историското културно наследство на македонскиот народ претставува огледало кон неговиот дух, култура, обичаи, фолклор и традиција. Преку изучувањето на културно - историските обележја се стекнуваат естетските, патриотските и етичките вредности и развивање чувство за патриотизам кон државата. Богатството на споменици на културата кои се подигнати низ Македонија зборуваат за вековните настојувања за одржување на овие духовни континуитети без кои човечката активност не може да се замисли. Напишаното од еден автор се неговите дела кои оставаат неизбришливи траги и вредности за идните генерации.

Една таква личност која ќе остави трајно обележје е и штипјанецот Тодор Маневиќ. Личноста и делото на Тодор Маневиќ со своето творештво ќе остави силни траги во Македонија во 20 век. Тој зад себе во својот живот ќе остави голем број податоци кои и денес не ја изгубиле својата вредност.

Маневиќ е роден 1910 година во Штип каде се здобива со основно и средно образование, а потоа во Белградскиот универзитет студира словенска филозофија. Со новинарство и публицистика започнува уште како средношколец. Објавил над 150 белешки и репортажи во весниците „Брегалница“, „Правда“, и “Глас југа“. Како долгогодишен професор во средните и вишите училишта 1937-1973 година во повеќе изданија му се печатени 14 учебници на руски и бугарски јазик. Во научните списанија „Јужно-словенски филолог“ и „Македонски јазик“ објавил неколку прилози за македонски дијалекти и за јуручкиот говор. Преведувал поезија и проза на српски и македонски од руски на бугарски и турски јазик. Својата прва книга „Нашинци“ се репортажи за животот на Македонците, ја печател во книжарницата на Рајко Ќуновиќ во Белград, а во издание на „Народна книга“, приредил и превел на српски јазик избор од зборникот на Браќата Миладиновци. Публицистот Тодор Маневиќ активно учествува во истражувачката дејност во Архивот на МАНУ за збогатувањето на фондовите со документи од културно-просветното и уметничкото минато на Македонија, а, исто така, преведувал повеќе стотици единици документи за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. Посебна активност покажал кон културното наследство на својот роден град Штип.

Животните и творечките врвици на Тодор Мановиќ се најсилни во периодот помеѓу двете светски војни. Во споменатиот период го проследува животот на своите граѓани и толкувањето на минатите времиња, настани, луѓе и дела. Така му започнуваат и сите написи со точна локација на местото, со настанот на неговата тема, неговите организатори и учесници. Тие прават една целина, која е сродна и препознатлива за луѓето кои живееле во овој временски период. Периодот помеѓу двете светски војни претставува важен предуслов за идниот слободен и ретко богат творечки опус на македонската литература, традиција, народно творештво, поезија, уметност, печатот, прозата и фолклорот. Драмската литература е речиси целосно свртена кон тогашниот општествен и народен живот во рамките на народниот фолклор во Македонија. Штип во овој период претставува вистински образовен, културен и духовен центар кој забрзано чекори кон сопствената иднина. Штипските трговци и занаетчии имале голема желба нивните деца да ги школуваат и секоја можност ја користеле да го остварат тоа. Штипјани започнале да ги запишуваат своите деца во Софија, Белград и во други градови на Балканот и надвор од него. Во периодот помеѓу двете светски војни во Штип ќе започне една силна активност на културно-уметничка, книжевна, публицистичка и духовна дејност. На оваа активност се посветени професорите, наставниците, учениците од Гимназијата и други граѓани. Токму во такви услови живее, учи и работи Мановиќ. Покрај писателската, публицистичката, новинарската и научната дејност, развил и богата преведувачка активност. Неговите новинарски и патеписни публицистички белешки и репортажи високо се вреднувани меѓу македонската и српската книжевна критика. Маневиќ укажува за сопствената активност и учеството во настаните што се случувале во негово време во кој се кријат вистините и она што посебно треба да се забележи. Најилустративно и сликовито во своите сеќавања, напишани според своите блиски и постари штипјани, ќе забележи: „на Пребег и на Мерите по стишување на акциите сè уште се слушаат пискотници и офкања на ранетите на кои никој не им приоѓал на помош. Денот беше врел, сонцето печеше. Нашите баби, а по некој и стар човек, а по нив и ние децата разбудени уште од полноќ од тропотот на војничките чизми под нашите прозорци со бардаци и ѓумови со вода ја преминаувавме Брегалница преку Новоселскиот мост во клисурата заштитена од сите страни од куршуми и ги поевме ранетите со вода.“ Вода, брате, моли Србинот...“ Вода, братко, моли Бугаринот...“[1]

Неговите новинарски репортажи се поврзани со весниците „Правда“, „Глас Југа“, „Наша реч“, „Искра“ и други. Влегувајќи во оваа професија, тој ќе биде признат и препознатлив помеѓу македонските и српските интелектуалци, публицисти и научни кругови. Тој е јасен и директен во она што сака да го каже уште со првиот контакт со читателот ја кажува својата цел, идеја од истражувачката работа. Како новинар бил јасен и концизен во своите ставови кој ги презентирал. Весникот „Глас југа“ бил информативен дневен весник чиј директор бил познатиот писател Анђелко Крстић, а негов уредник Тодор Маневиќ. Весникот излегувал од 15.10 1940 година. Весникот ги толкувал сите владини ставови во политичкиот живот. Весникот „Лист“ излегувал двапати месечно и за цело време од своето постоење, од 22.06 1938 година до април 1940 година. Задржал одреден ниво бидејќи во него соработувале истакнати професори од скопскиот Филозофски факултет и Универзитетот во Белград. Весни-

1 Тодор Маневиќ “Публицистички белешки“ Фонд Тодор Маневиќ,МАНУ.

кот „Наша реч“ многу ќе придонесе за втемелувањето на македонската литература и култура. Во весникот се афирмирале многубројни книжевни работници, претежно Македонци. Во културната рубрика на „Наша реч“ се сретнувале имињата на Кочо Рацин, Волче Наумовски, Бранко Заревски, Тодор Маневиќ, Кире Димов, Ристо Лазаревски , Кузман Јосифовски Питу и други.

Посебно место и значајна улога за културните настани помеѓу двете светски војни му припаѓа на Тодор Маневиќ, тој пишува за зачетоците, развитокот и активностите на театарскиот и музичкиот живот, за физичката култура и за развитокот на фудбалската игра. Во контекст на активностите на штипскиот театар во овој период, вредно е да се спомне неговиот труд „Театарската дејност во Штип 1895-1945“. За театарската активност Кирил Петров за Маневиќ ќе запише: „Професорот, новинарот, патеписецот, Новоселецот во Штип, вљубеникот и неговата култура, Тодор Манев(иќ), првиот и од сè срце прераснатиот хронограф на сè што е штипско останува за сите времиња темелник и втемелувач на напишаниот збор за театарот.“[2]

Прилог кон збогатувањето на културно-просветниот живот на граѓаните од Штип давале и некој други друштва од градот, само не со таков обем и не со таков интензитет. Народниот универзитет организирал предавања на актуелни теми од најразлични области. Со „овие интелектуалци, студенти почнува и активноста на еден вид народен универзитет. Предавањата се однесувале на различни теми. Истите се одржувале секоја недела претпладне во ресторанот  „Ослобођење“. Во Штип доаѓале и организирале предавања и универзитетски професори од Белград. Владо Петковиќ предавал за македонските манастири, биологот Синиша Станковиќ за личната хигиена во борбата против маларијата, Владимир Ќоровиќ за Крфската декларација и формирање нови држави, Милое Милоевски, музиколог, за македонскиот мелос, а неговата жена ги интерпретирала најубавите песни. Потоа неколку пати гостувал како предавач Григорие Петров, некогашен секретар на Толстој“.[3] Со сличен карактер на работа бил и клубот на студентите од Штип. Тој организирал најчесто стручни и научни предавања, а потоа и актуелни политички, книжевно - историски и забавно музички карактер. Во истиот труд ќе забележи и дека... „наскоро Втората светска војна клукаше на нашите порти и се знае кога орудијата зборуваат музите молчат“. Мнозина од најактивните штипски ученици во културните активности на нивниот роден град, меѓу првите ќе земат учество за ослободување на својата татковина.

Сакам да кажам и тоа дека во Штип постојат многу личности, интелектуалци со кои тој постојано се допишувал и разменувал мислења. Посебно би го издвоил писмото од авторот Раско Петровиќ упатено до Тодор Маневиќ во кое пишува:

Драги млад пријателе, Вие слегувате од праисконските врвови во душата на народот. Родопските Планини се прастари кратери, вовлечени во себе, како и луѓето чијашто душа ја чувствувате. Вашите патеписи се мистика, но не онаа бараната и прежалената, туку онаа што излегува од животот. Со мижуркавиот фенер во рака, во мрак ги обиколувате и чукате на заклучените порти, зад кои врие меракот црвен како тетовско јаболко, бел како кумановскиот симит и треперлив како сандалите на девојките.

***Растко Петровиќ, Белград - 1.1.1933***

2 Кирил Петров, Театарски записи,Министерство за култура на РМ, Скопје,2007.

3 Тодор Маневиќ, Културата и културните активности помеѓу двете светски војни Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945 книга I, Скопје, 2000.

Во Штипска хроника Мановиќ ќе забележи: Уште само во Горно Маало и горномалците, најстарите жители на Штип, ги чуваат спомените од тие времиња за луѓето и настаните. Тие го почитуваат старото и сложни се, ако понекогаш ја завртат главата на нечие уверување за датумот за некојси настан од минатото сите ќе потрчаат до Барутчиски да ја прелистат „Хронологијата“ што предците на оваа угледно семејство ја воделе. Не одат ниту кај Коце Мире, Коце Бакалцето од Виничката афера, ниту кај другите хронографи кои ги бележат најважните во историјата на Штип. Не им веруваат на нив бидејќи не се горномаалци. Во годините и на неговата длабока старост со невиден ентузијазам ќе се зафати за племенитата идеја да собере спомени, фотографии, написи, од српскиот печат, од српските архиви, библиотеки и сето тоа да го стави во аманет на неговите граѓани за сите времиња.

Мановиќ пишува и за Балканските војни, за овој значаен и актуелен период. Тој нè доведува и зближува во самата суштина од овој многу карактеристичен период. Тој ќе остави голем број на репортажи за обичаите и традициите за повеќе градови во Македонија. Па така, во весникот „Јужна Србија“ пишува репортажи за свадбените обичаи под насов „Зошто нашиот овчеполец и брегалничанец страсно ја сака земјата“, за свадбените обичаи, за моралните вредности кои треба да ги поседуваат младите девојки, како и за иселувањето на Јуруците и Турците во Мала Азија.

До крајот на својот живот Тодор Мановиќ останува верен на својата татковина Македонија и со неа ги поврзува сите нејзини вредности на културно-историските, затоа своето творештво ќе го насочи да најде соодветна литература и јазична средина во кое ќе се чувствува достоинствено. Ако културата е најдобар амбасадор и афирматор на секоја земја. Таков пример е токму Тодор Маневиќ амбасадор на културата помеѓу српскиот и македонскиот народ.

**Литература**

1. Тодор Маневич, Публицистички белешки, МАНУ,Фонд Тодор Маневиќ.
2. Кирил Петров, Театарски запис, Штип, 2015.
3. Тодор Маневиќ,Културата и културните активности во Штип и Штипско помеѓу двете светски војни.
4. Фонд Тодор Маневиќ, МАНУ
5. Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945, Скопје,2000.
6. Тодор Маневиќ: Под светлоста на карбитните ламби. Историски архив на град Штип.

# СОДРЖИНА


В О В Е Д ..................................................................................... 9

ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ НА Н.Е. М-Р СИЛЈАН МИЦЕВСКИ,
ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА Р.СРБИЈА ВО Р.МАКЕДОНИЈА............................ 11

ОБРАЌАЊЕ НА ДОЦ. Д-Р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ,................................ 13
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МНД-БИТОЛА......................................................... 13

РЕФЕРАТИ / Историја ............................................................................ 17

Проф. д-р Димитар Пандев
СЛОВО ЗА ДЕВОЛСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ............................................... 19

Катерина Младеновска-Ристовска
НИКОЛА ВУЛИЌ КАКО ИСТРАЖУВАЧ НА
АНТИКАТА ВО МАКЕДОНИЈА ............................................................... 27

Гоце Цветановски
СТАВОВИТЕ НА МИЛИВОЈ ПАВЛОВИЌ
ЗА ЕТНОГЕНЕЗАТА НА ТОРБЕШИТЕ..................................................... 37

Доц.д-р Оливер Цацков
ИСТОРИСКО КУЛТУРНИТЕ ОДНОСИ НА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА
ИЗРАЗЕНИ ПРЕКУ ТВОРЕШТВОТО НА ТОДОР МАНЕВИЌ...................... 43

Иван Котев
МОНОГРАФИЈА „СТРУМИЦА, ЗЕМЉА И НАРОД“
ОД АЛЕКСАНДАР АНДРИЈЕВИЌ ............................................................ 47

Доцент д-р Марјан Танушевски
СОРАБОТКАТА НА НЕЗАВИСНИТЕ НОВИНАРСКИ СИНДИКАТИ
ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА........................ 55

Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска
СТАВОТ НА ВЕСНИКОТ „РАДНИЧКЕ НОВИНЕ“ ЗА ПОЛИТИЧКАТА И ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1903-1914 ГОДИНА ........ 59

М-р Анета Шијакова, м-р Зоран Пејковски, Каролина Николоска
МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА ........ 65

М-р Анета Шијакова, м-р Зоран Пејковски, Каролина Николоска
КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА....... 75

Др Драгомир Бонџић
НАСТАВНО ОСОБЉЕ ФИЛОЗОФСКОГ ФАКУЛТЕТА У СКОПЉУ 1920-1941........ 85

д-р Драгомир Бонџиќ
НАСТАВНИОТ КАДАР НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ 1920-1941 ГОДИНА........ 111

Трајко Огненовски
ПРИДОНЕСОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО БЕЛГРАД ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА КАДАРОТ СО АКАДЕМСКИ ЗВАЊА ВО СР МАКЕДОНИЈА И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ СОРАБОТКА И ДЕВАЛВИРАЊА НА АКАДЕМСКИТЕ ЗВАЊА МАГИСТЕР И ДОКТОР НА НАУКА........ 139

Трајко Огненовски
СЛОБОДАН Ж. МАРКОВИЌ - ПОЗНАТ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР, НАУЧНИК. ПРЕДАВАЧ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО БЕЛГРАД (1928 – 2015)........ 151

Проф.д-р Мишо Нетков
МЕДИУМИТЕ И ПОЛИТИКАТА ........ 159

Проф. д-р Вера Гошева,
ПРЕСЕЛУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД БИТОЛА (1917-1918)........ 169

Томо ЖУГИЋ
СТАЊЕ СРПСКИХ ВОЈНИЧКИХ ГРОБАЉА НА КАЈМАКЧАЛАНУ И МАРИОВУ ОД 1918 ДО 2016 ГОДИНЕ ............................................... 173

Томо ЖУГИЌ
СОСТОЈБАТА НА СРПСКИТЕ ВОЈНИЧКИ ГРОБИШТА НА КАЈМАКЧАЛАН И МАРИОВО ОД 1918 ДО 2016 ГОДИНА.................. 177

Проф. д-р Катерина Мирчевска, Проф. д-р Љубица Јанчева
ГАКОВО И КРУШЕВЛЕ – ПРИВРЕМЕНО ЖИВЕАЛИШТЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА ........ 183

проф. др Љиљана Живковић, мср Ивана Ђорђевић
ЗНАЧАЈ МОРАВСКО-ВАРДАРСКЕ УДОЛИНЕ У КОНТЕКСТУ МИГРАЦИОНИХ ТОКОВА..................................................................... 189

проф. д-р Љиљана Живковиќ, мср Ивана Ѓорѓевиќ
ЗНАЧЕЊЕТО НА МОРАВСКО-ВАРДАРСКАТА ДОЛИНА ВО КОНТЕКСТ НА МИГРАЦИОНИТЕ ТЕКОВИ .................................................................. 207

Проф. д-р Александар ТРАЈАНОВСКИ
ШКОЛУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА ВО СРПСКИ ДУХОВНИ ИНСТИТУЦИИ (ВО XIX И XX ВЕК) ...................................... 227

Др Урош Шешум
УЛОГА ВОЈВОДЕ СТОЈАНА ДОНСКОГ У НАСТАНКУ И РАЗВОЈУ ВМОРО-А И СРПСКЕ ЧЕТНИЧКЕ АКЦИЈЕ 1901-1904 ........................................... 241

д-р Урош Шешум
УЛОГАТА НА ВОЈВОДАТА СТОЈАН ДОНСКИ ВО НАСТАНОКОТ И РАЗВОЈОТ НА ВМОРО И СРПСКАТА ЧЕТНИЧКА АКЦИЈА 1901-1904 ..................................................................... 253

Професор Никола Миновски
ПОП КОСТАДИН ТРПКОВ – БУФСКИ ПРЕРОДБЕНСКА И РЕВОЛУЦИОНЕРНА ДЕЈНОСТ ...................................................................265

М-р Елена Јосимовска
ПРИДОНЕСОТ  НА СРПСКАТА СОКОЛСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА АФИРМАЦИЈАТА НА ТЕЛЕСНОТО  ВОСПИТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА .. 277

Александар Симоновски
АКТИВНОСТИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ОДДЕЛИ НА БИТОЛСКИОТ ОБЛАСТЕН, ГРАДСКИ И ОКОЛИСКИ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР (1944–1945) .......... 293

Проф. д-р Александар Стерјовски
ДВЕТЕ СРПСКИ СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА ВО БИТОЛА .......... 299

Др Ратомир Миликић,
УЛОГА МАКЕДОНСКИХ КАДРОВА У ПРИСТУПАЊУ ЈУГОСЛАВИЈЕ САВЕТУ ЕВРОПЕ .......... 305

д-р Ратомир Миликиќ,
УЛОГАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ КАДРИ ВО ПРИСТАПУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОВЕТОТ НА ЕВРОПА .......... 323

М-р Анета Шијакова, м-р Зоран Пејковски, Каролина Николоска
КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА - АПСОРПЦИЈА НА ИПА ФОНДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА .......... 343

др Милан Гулић
ЗЕМЉОТРЕС У СКОПЉУ 1963: ПРВЕ РЕАКЦИЈЕ ЈУГОСЛОВЕНСКОГ ДРЖАВНОГ И ПАРТИЈСКОГ РУКОВОДСТВА .......... 357

д-р Милан Гулиќ
ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ 1963:  ПРВИТЕ РЕАКЦИИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ДРЖАВНО И ПАРТИСКО РАКОВОДСТВО .......... 375

Проф. д-р Горан Илиќ
НЕВОЗМОЖНА МИСИЈА?: ОСНОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА БАЛКАНСКАТА СОРАБОТКА .......... 393

Др Слободан Селинић
СТАВОВИ РУКОВОДСТАВА МАКЕДОНИЈЕ И СРБИЈЕ ПРЕМА НАЦИОНАЛНОМ ПИТАЊУ У ПОПИСУ СТАНОВНИШТВА ЈУГОСЛАВИЈЕ 1971. .................... 405

д-р Слободан Селиниќ
СТАВОВИТЕ НА РАКОВОДСТВОТО НА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА КОН НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО 1971 ГОДИНА .................... 419

Др Срђан Цветковић
БЕЗБЕДНОСНЕ ПРИЛИКЕ У МАКЕДОНИЈИ И КОСОВУ 1981. ГОДИНЕ .................... 435

д-р Срђан Цветковиќ
БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА И КОСОВО 1981 ГОДИНА.................... 453

Арети Сидовска
БИТОЛА ВО БЕЛГРАДСКИТЕ ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ „ПОЛИТИКА“ И „ВРЕМЕ“ ДО ПОЧЕТОКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА.................... 471

М-р Анета Шијакова, м-р Зоран Пејковски, Каролина Николоска
АНАЛИЗА НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА ЗА УЛОГАТА НА КОНЗУЛАТОТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2007 ДО 2014 ГОДИНА .................... 497

Доц. д-р Верица Јосимовска
ШТИП И ШТИПСКО ВО ВЕСНИКОТ „ПОЛИТИКА“ (1919-1941) ........... 515
Наде Геневска - Брачиќ
СТАРОТО БИТОЛСКО И НОВО БЕЛГРАДСКО СЕМЕЈСТВО ПАПАЗОГЛУ .................... 525

РЕФЕРАТИ / Литература .................... 537

Лидија Тантуровска
„ЈА САМ ЛОВАЦ СРЦА СВОГА РОЂЕНОГ“ .................... 539

Јованка ДЕНКОВА
ДНЕВНИЧКИ ПРОЗНИ ЗАПИСИ ВО СРПСКАТА И МАКЕДОНСКАТА АДОЛЕСЦЕНТСКА ПРОЗА ........ 547

Проф.д-р Христо Петрески
КРИТИЧКО-ЕСЕИСТИЧКОТО ТВОРЕШТВО НА ПРОФ. Д-Р СТАНА СМИЉКОВИЌ ПОСВЕТЕНО ЗА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ И КНИЖЕВНОСТ ........ 555

Проф. д-р Катерина Петровска – Кузманова
СОВРЕМЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА КУЛТУРАЛНИТЕ ИЗВЕДБИ ВО Р. СРБИЈА ........ 559

м-р Игор Крајчев
ЖИВКО ЧИНГО И ДАНИЛО КИШ ........ 567

Васил ТОЦИНОВСКИ
РОМАНОТ „ГНЕВ“ ОД МИЛИСАВ АНТОНИЈЕВИЌ-ДРИМКОЛСКИ...... 575

Славе Николовски - Катин
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО „СУДБИНИ“ НА ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ........... 583

Славе Николовски - Катин
СИЛЈАН МИЦЕВСКИ – ЖИВОТ И ДЕЛО ........ 587

Добре Тодоровски
ВЛИЈАНИЕТО НА СРПСКАТА КНИЖЕВНОСТ ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО ........ 597

Д-р Ана Витанова Рингачева
ШАМАНИСТИЧКИ ПРЕТСТАВИ ЗА ЗАДГРОБНОТО ПАТУВАЊЕ НА ХЕРОЈОТ ВО СКАЗНИТЕ ........ 601

Д-р Лилјана Макаријоска
НАРОДНИТЕ ВЕРУВАЊА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ И СРБИТЕ НИЗ ВЕКОВИТЕ ........ 617

Проф. д-р Владимир Цветковски
ЗАЕДНИЧКИ ЦРТИ КАЈ НЕКОИ МАКЕДОНСКИ, СРПСКИ И СТАРОАНГЛИСКИ БАЕНКИ........................................................................ 629

М-р Стојанче Костов
ТИПОТ НА ЛЕСНИТЕ ОРА ВО СРБИЈА И МАКЕДОНИЈА....................... 637

Проф. д-р Зоранчо Малинов
МАШКИТЕ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКО-СРПСКОТО ПОГРАНИЧЈЕ ............................................................................ 643

Д-р Родна Величковска, Д-р Драгица Панић-Кашански
БУРДОНСКИОТ ТИП НА ПЕЕЊЕ ВО МУЗИЧКАТА ТРАДИЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ И СРБИТЕ ............................................................. 657

Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ
МАКЕДОНСКО-СРПСКИ ПОЕТСКИ ВРСКИ ВО ГЕРМАНИЈА................ 667

Проф. д-р Мери Цубалевска
МАКЕДОНСКО-СРПСКИТЕ ЈАЗИЧНИ ВРСКИ ВО XV ВЕК .................... 675

Проф. д-р Виолета Николовска
СЛОВЕНСКАТА ЛЕКСИКА ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО СРПСКИОТ ЈАЗИК..................................................................... 685

Вера Стојчевска Антиќ
БИБЛИСКО-АПОКРИФНИОТ ТЕКСТ ЗА ПРЕКРАСНИОТ ЈОСИФ ........... 691

М-р Лилјана Пандева
ЈАЗИЧНАТА ИГРА ВО ВИЦЕВИ НА МАКЕДОНСКИ И НА СРПСКИ ........ 695

Проф. д-р Васил Дрвошанов
СТАТИИТЕ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ НА МИЛИВОЈ ПАВЛОВИЌ ОБЈАВУВАНИ ВО „ГОДИШЊАК СРПСКЕ КРАЉЕВСКЕ АКАДЕМИЈЕ“................................................................. 699

Снежана ВЕНОВСКА-АНТЕВСКА
ЛЕКСИЧКИТЕ МАКЕДОНСКО-СРПСКИ ПАРАЛЕЛИ ИЗРАЗЕНИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД ВО РОМАНОТ „САМА“ ОД ИСИДОРА БЈЕЛИЦА ........ 707

Д-р Валентина Илиева, Проф. д-р Билјана Ивановска,
М-р Симона Монавчева, Кристина Илиева
ВРЕМЕТО И ЧАСОТ – КОНСТРУКТИВНА АНАЛИЗА ВО МАКЕДОНСКИОТ, СРПСКИОТ И ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК ........ 715

Вера Стојчевска Антиќ
РЕЦЕНЗИЈА НА ЗБОРНИКОТ СО ТРУДОВИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СОБИР „ВРСКИТЕ МЕЃУ Р. МАКЕДОНИЈА И Р.СРБИЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ И ДЕНЕС“........ 729

**„Врските меѓу Р.Македонија и Р.Србија
низ вековите и денес“**
(Зборник на трудови од
Меѓународна научна конференција,
одржана на 19 и 20 мај 2017г. во Битола)

**Издавач:**
Конзулат на Р.Србија во Р.Македонија – Битола

**За издавачот:**
**м-р Силјан Мицевски,** почесен конзул на Р.Србија
во Р.Македонија – Битола

**Рецензент:**
проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ

**Лектор:**
Стево Гаџовски

**Корица:**
Зоран Пејковски

**Фотографии во Зборникот:**
Издавачот и авторите

**Технички уредник:**
Горан Трсунов

**Печати:**
ДООЕЛ 98-К - Прилеп

**Тираж:**
300 примероци

**Битола**
2018

Согласно член 20 точка 8 од Законот за ДДВ
(Службен весник на РМ бр,.44/39)
за оваа книга е платен данок од 5%.
Книгата нема комерцијален карактер.